Почитувани,

Ве известуваме дека Друштвото на физичари на Република Македонија (ДФРМ), Сојузот на хемичари и технолози на Македонија (СХТМ) и Македонското биолошко друштво (МБД) ќе организираат обуки со работилници за практична работа за наставници кои изведуваат настава по предметот Природни науки во петто и шесто одделение. Обуките и работилниците се однесуваат на темите според наставниот план и прорама и соодветните учебници во тековна употреба.

Дводневните обуки ќе се одржат во следните термини:

- 3. септември и 4. септември 2019 г. и
- 10. септември и 11. септември 2019 г.

Дводневните обуки ќе бидат спроведени според поглавјата застапени по предметот Природни науки во петто и шесто одделение.

Пријавувањето на заинтересираните предметни наставници по природни науки ќе се одвива до 20. август 2019 година со пополнување на формулар - https://forms.gle/j6rr7xQ5Hin2ZdAp9.

Котизацијата во износ од 1800,00 денари (жиро сметка: 300000001912294 Комерцијална банка А.Д. Скопје, Македонско биолошко друштво). Уплатата за обуките треба да се изврши до 25. август 2019 г.

Програмата за работа на обуките ќе биде дополнително доставена до пријавените наставници.

Сертификатите за обуките се издаваат исклучиво по завршување на обуките.

Информацијата ќе биде доставена до сите наставници кои досега учествувале како ментори на натпреварите по природни науки, но пожелно е да ја доставите и до другите наставници кои досега не учествувале како ментори, а се ангажирани по предметот природни науки во вашето училиште.

За дополнителни информации пратете порака на bilozimk@gmail.com

Скопје, 25 јуни 2019

Со почит,

Доц. д-р Ламбе Барандовски, Претседател на ДФРМ

Проф. д-р Зоран Здравковски, Претседател на СХТМ

Проф. д-р Сузана Диневска Ќовкаровска, Претседател на МБД